## Улога на раководителот

Отсуството поради болест треба да се третира внимателно и непосредниот раководител, кој обично има поблиска врска со своите вработени, да ја преземе одговорноста за набљудување и справување со отсуството поради болест и да обезбеди:

- доверливост на информациите;
- политиката – упатство за боледување и отсуства да се спроведе во целост;
- конзистентност во имплементација на политиката;
- евиденција за отсуствата на вработените;
- дискусија за евидентираните отсуства на раководно ниво и меѓу вработените вклучително и анализа за причините на отсуствата;
- следење на присуството на вработените во негова надлежност;
- еднаков третман за сите кои отсуствуваат поради болест;
- сите ново вработени и сите вработени да се информирани и свесни за политиката и постапката на управување со боледување и отсуства.